# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став 1 точка 6, а во врска со член 19 став 1 точка 1 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12 и 43/14), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

## О Д Л У К А
## за изменување на Одлуката за благајничките записи

1. Во Одлуката за благајничките записи („Службен весник на Република Македонија" бр. 166/13, 30/15 и 35/15), во точка 4 ставот 3 се менува и гласи:

„ Во случај на тендер со износи и при утврден ограничен износ на благајнички записи, Народната банка може да утврди начин на формирање на понуди од банките според процентуалното учество на обврските на банката во домашна валута без валутна клаузула од основата за пресметување на задолжителната резерва, во вкупните обврски на банкарскиот систем во домашна валута без валутна клаузула од основата за пресметување на задолжителната резерва, за периодот на исполнување, којшто започнува на денот на аукцијата. Во овој случај, износот на понудата на банката е најмногу до износот добиен со примена на соодветното процентуално учество во износот на благајнички записи утврден во Проспектот (намален за износот на достасани благајнички записи на Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје). Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје, којашто нема обврска за задолжителна резерва согласно Законот за Македонската банка за поддршка на развојот („Службен весник на Република Македонија" бр. 105/09), учествува на аукцијата со износот на достасани благајнички записи."

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 16 септември 2015 година.

**О. бр.02-15/XIII-2/2015**
**27 август 2015 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Македонија**
**Димитар Богов**